Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-132/2

__________ година

13-02-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 132/1 од 29.1.2024 година, поднесена од [redacted] против Министерството за внатрешни работи за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 13.2.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 132 од 29.1.2024 година заради претходно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 29.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи од страна на подносителот [redacted] против Министерството за внатрешни работи.

Комисијата утврди дека веќе постапувала и донела Мислење бр. 08-462/4 од 27.10.2023 година со кое утврдила директна дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, постапувајќи по претставка бр. 08-462/1 од 16.8.2023 година, во која е истакната истата фактичка состојба како и во претставката 08-132/1 од 29.1.2024 година. Во врска со претходното, член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи *„Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот."*

Дополнително на ова, согласно препораките донесени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Министерството за внатрешни работи треба да ја измени спорната одредба на Колективниот договор и да ги отстрани последиците од нанесената директна дискриминација кон подосителот во рок од 30, но не подолг од 180 дена од приемот на Мислењето бр. 08-462/4 од 27.10.2023 година. Имајќи го предвид фактот дека Министерството за внатрешни работи го примило предметното мислење на 31.10.2023 година, Комисијата утврди дека дадениот рок за исполнување на препораката сè уште не е истечен. Оттука, доколку Министерството за внатрешни работи не постапи согласно препораката во зададениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно своите законски надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не поведе постапка за заштита од дискриминација.

Скопје
13.2.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]